*Ирена* ТЕОДОРА ВЕСЕВСКА
*Виктор* ЛИЛЧИЌ-АДАМС

**УДК: 904:929.651(497.733)"12"**
**904:929.731(459.02)"12"**
Изворен научен труд

# НАОЃАЈЌИ ГО ПРВИОТ ИМПЕРАТОР ОД ПОСЛЕДНАТА ВИЗАНТИСКА ДИНАСТИЈА: ОЛОВЕН ПЕЧАТ НА МИХАИЛ VIII ПАЛЕОЛОГ ОД КОЧАНСКО

***Кратка содржина***

*Оловниот печат на Михаил VIII Палеолог пронајден меѓу неколкуте средновековни артефакти при истражувањето на локалитетот Горно Градиште, с. Долно Гратче, Кочани, неговиот носител и неговата локација беа повод за одново нурнување во немирните води на 13тиот век и обид да се фрли дополнителна светлина врз неговите бројни и на места, темни слоеви.*

*Трудов се обидува да му даде поширок археолошки контекст на печатот и истовремено, тој археолошки контекст да го вметне во историското читање за човекот чие име ќе остане врежано во аналите на историјата како оној кој ќе успее да ја воскресне Византија и неговата поврзаност со овие простори.*

***Клучни зборови:*** *сигилографија, Палеолози, Византија, средновековие, источна Македонија*

**Вовед**

Долината на реката Брегалница, античкиот Астибо во праисторијата, антиката и во средниот век претставувала прастара патна комуникација. Меѓутоа, древните владетели посебно биле привлечени од рудните богатства на Осоговските Планини, па така областа била актуелна и во неа можеме да ги видиме и средновековните византиски владетели, и Самуил и бугарските средновековни владетели. (карта 1)




**Карта 1.** Археолошки пунктови во Брегалничкиот Регион во антиката и средновековието

Во прв ред тука како значаен средновековен град и седиште на епископ се споменува Мородвис/Моробиздон, во повелбата на византискиот император Василиј II од 1019 година. (Микулчиќ, 1996, 215; Трајковски, 1983;1985;1986) Моробиздон се наоѓа на јужниот раб на кочанскиот крај, во северното подножје на планината Плачковица. На спротивниот крај од Кочанското Поле, се наоѓа локалитетот ***Горно Градиште***, с. Долно Гратче, повторно посетен од страна на истражувачкиот археолошки тим под раководство на професор д-р Виктор Лилчиќ-Адамс во рамките на теренските археолошки истражувања на долината на Брегалница, во август 2008 година.

**За археолошкиот полеогенетски контекст на микрорегионот Големо Градиште (катастарски општини Јастребник и Црвена Нива)**

Северно од градот Кочани се наоѓа долгата долина на Голема Река, која извира во длабоките југозападни пазуви на Осоговските Планини. Поинтензивната потрага по рудите во доцната антика предизвикала во долниот тек на самиот спој на Голема Река и Мала Река што оттука тече како Кочанска Река, кај селата Долно Гратче, Јастребник и Црвена Нива, оформување на маркантен град со заштитен кастел на локалитетите Долно Градиште и Горно Градиште. (карта 2)




**Карта 2.** Градчето на Долно Градиште и кастелот на Горно Градиште, геореференцирани планиметрии (В. Л. Адамс)

Градот на Долно Градиште бил споменуван од страна на Д. и М. Гарашанин, А. Керамитчиев и И. Микулчиќ. Првиот теренски премер на планиметријата на градот ја извршил во 2004 година В. Л. Адамс, а првите археолошки ископувања ги започнала И. Атанасова. (Атанасова, 2005, 1-12; 2007, 53-68 со цитирана постара литература со споменатите истражувачи во текстот; 2008, 356-359)

Резиме на истражувачките напори претставува планот на градот и ископаните наоди. Се работи за силно утврден врв од ридот со издолжена и заоблена форма, голема 200 x 100 метри. Градот се состоел од доминантна источна акропола со приближно триаголна форма со цврста кула со квадратен план во центарот и највисока кота од 524,8 м. Регистрирани

се остатоци од уште една слична кула во северозападниот дел од градот. Движните наоди, главно монети, коскени и керамички предмети, упатуваат на егзистенцијата во времето на Јустинијан I (апоен од 20 нумии ) и на венецијанската трговија со Византија во 13 век (сребрен венецијански денар на дуждот Раниери Зена (1253-1268).

**Горно Градиште, катастарска општина Долно Гратче**

На околу 300 метри североисточно од Градот, на повисок и доминантен рид бил оформен еден кастел. Било израмнето плато со неправилна форма на котата 616,7 м, големо 134 x 60 м. Приближно во средината на кастелот на највисоката кота бил оформен централен објект. Тој е издолжен и се состои од цврст малтерен ѕид со полигонална форма. Забележани се индиции за постоење на средна станбена тераса што се протегала долж периметралниот јужен одбранбен ѕид на нешто повисоко ниво (карта 3).




**Карта 3.** Кастелот на Горно Градиште (геореференциран план В. Л. Адамс)

Откриени се неколку движни артефакти кои упатуваат на егзистенција во 4 или 5 век н.е. (мала нечитлива бронзена монета), 6 век (врв од тробреста аварска стрела) и на 13 век од кога датира масивен оловен печат на византискиот император Михаил VIII Палеолог. Наша логична констатација е дека утврдувањето на повисоката кота на ридот Горно Градиште претставувало кастел - спекула за заштита и навестување на евентуални напади на некои агресори во доцната антика и во средниот век.

**За печатот**

Оловниот печат на византискиот император Михаил VIII Палеолог пронајден на локалитетот Горно Градиште, с. Долно Гратче, Кочани,[1] е многу добро зачуван, малку оштетен во близина на централната оска, со максимален дијаметар 30 mm, тежина 32,93 g и дебелина 2,7 / 8 - 6 mm.



**Аверс:**

Стоечка фигура на Исус Христос Христос претставен брадест, стои пред низок токос, облечен во туника и химатион, држејќи ја десната рака во благослов и евангелие во левата. Претставен со нимбус круцигер. Сигла видливи лево и десно IC- XC:
Ἰ(ησοῦ)ς Χ(ριστό)ς
Исус Христос



**Реверс:**

Стоечка фигура на императорот Михаил VIII Палеолог, носи круна, наметка и раскошен лорос. Во десната рака држи лабарум, а во левата акакија. Брадата на царот е покриена со кратка брада. Може да се забележи, во скратена и стилизирана форма, manus Dei во горното десно поле. Натпис во две колони. MX / [Δ]Є/[C]Π/[O] T - O ΠΑΛЄΟΛΟΓ[OC] Граница на точки.

[1] Наодот за прв пат беше презентиран на Првата национална конференција за византологија и медиевистика: Самоилова Држава – 1 000 години потоа, Охрид, Конгресен центар на УКИМ, 25. - 26.10.2018 год. Роберт Михајловски и Виктор Лилчиќ-Адамс, Моливдовулот на византискиот император Михаил VIII Палеолог од тврдината Горно Градиште, село Долно Гратче, кај Кочани.
Сепак, сметајќи дека заслужува да биде презентиран пред пошироката научна јавност, решивме да го публикуваме овде.

| | | |
|---|---|---|
| | МХ | О |
| | [Δ]Е | П |
| [С]П[О] | АΛ | |
| Т[І] | ЕО | |
| [С] | ΛО | |
| | Г[О] | |
| | С | |

Μ(ι)χ(αὴλ) [δ]ε[σ]π[ό]τ[ις] ὁ Παλεολόγ[ο]ς.
*Михаил Палеолог, деспот.*

Закос и Веглери (Zacos, G. Veglery A.,1972) имаат објавени два типа на варијанти на ваквата претстава на печатот на Михаил VIII Палеолог. На нивниот тип А императорот е претставен како држи краток лабарум во десната рака и глобус надграден со патријархален крст во левата страна.

Извонреден примерок од овој тип е зачуван во Истанбулската колекција. (Види Ébersolt, Sceaux, pl. VII, бр. 6.) На овој примерок може да се забележи дека царот носи долга, зашилена брада. Во горниот десен агол полето *manus Dei* се појавува сосема јасно. На нивниот тип Б (бр. 121) императорот носи лорос, чиј крај е обвиен на левата подлактица. Во десната рака држи крст жезол, а во левата акакија.

Уште еден прилично оштетен примерок од ваков тип има во колекцијата на *Dumbarton Oaks* (Nesbitt John W., Morrisson Cécile, 2009).

Печатот на Михаил ја прикажува сега стандардната слика на стоечкиот Христос на аверсот и царот кој носи круна и кламида и држи лабарум и акакија на задната страна. Михаил е идентификуван по неговото семејно име, Палеолого

**За првиот император од последната византиска династија**

Името ***Михаил Дука Ангел Комнен Палеолог*** (1223 – 11 декември 1282) светската историја го памети како основач на последната византиска династија Палеолози, оној кој ќе успее да ја воскресне Византија и Константинопол по латинското владеење, човек кој користејќи го сопственото високо благородничко педигре, воената умешност и подготвеност, но и исклучителната харизма, ќе успее хиерархиски да се искачи од омилен војсководец, преку титулите *megas dux* и деспот, до совладетел на Никејското Царство (1259-1261) и конечно, до владетел на Византија (1261-1282) (Geanakoplos, 1959, 39-46).

Неговото седнување на престолот во Константинопол носи дамка на узурпација врз легитимниот престолонаследник Јован IV Ласкарис, но

носи и значително обновување на византиската моќ, вклучително и проширување на византиската војска и морнарица, обнова на Константинопол и зголемување на неговото население, обнова на Универзитетот во Константинопол, клучниот темелник на она што се смета за палеолошка ренесанса помеѓу 13-ти и 15-ти век (Geanakoplos, 1959, 17-18). Од друга страна, динамичната историско-политичка сцена во периодот на неговото владеење, му донела повеќе од неколку дипломатски неуспеси и потфрлања во обидот целосно да ја зацврсти својата позиција на суверен, дали преку неуспешни политички бракови или преку (погрешно) бирање на сојузници (Geanakoplos, 1959, 181-85).

Византија била опколена од сите страни со непријатели. Михаил често е критикуван дека го занемарил азиското срце на неговата империја и источната граница со тогаш веќе растечкиот султанат на Турците Селџуци и нивните сојузници. Очигледно е дека тој сметал дека најголемата закана за обновената Византија доаѓала од Запад, па неговите генерали и војска биле повеќе насочени кон Балканот и кон Италија, т.е. Сицилија. Заканата се викала Карло Анжујски, братот на Луј IX од Франција, грофот од Прованса. По наредба на папството, Карло го освоил Кралството Сицилија и почнал да создава Медитеранска Империја со територии во Албанија, Грција и еден период во Тунис.

Карло Анжујски, штом станал господар на Сицилија, отворено иституил со агресивните намери против Византија. Наскоро тој и активно се замешал во приликите во Грција, си ги осигурал за себе поседите на Манфред во Епир и стапил во врска со Вилием II Вилардуен. Ахајскиот кнез, чиишто сили биле исцрпени во борбата против Византијците и којшто се чувствувал загрозен поради омразата на своите поданици, се фрлил во прегратката на сицилијанскиот крал и својата земја ја ставил под негов суверенитет. Својата ќерка Изабела ја венчал со Филип, синот на Карло. Србија и Бугарија застанале на негова страна бидејќи и политичките и династичките причини ги наведувале балканските владетели да ѝ се придружат на антивизантиската коалиција. Бугарскиот цар Константин Тих му бил зет на Јован IV Ласкарис, кого што Михаил VIII го соборил од престолот и го ослепил, а српскиот крал Урош I, којшто бил оженет со француска принцеза, очекувал дека сојузот со Карло Анжујски ќе му помогне во ширењето на неговата земја за сметка на Византија. Во меѓувреме Карло Анжујски конечно ја зацврстил својата власт во Италија и почнал да испраќа трупи и пари во Ахаја (Острогорски, 1992, 550).

За да се спротивстави на овој сојуз, Михаил се обидел да го откупи папата со ветување за црковно обединување и се здружил со Унгарија, Египет и Монголите. Исто така, се согласил за соединување на црквите под папско водство, отстранувајќи еден важен поддржувач на потфатот на Карло. За жал, новоизбраниот папа не му бил толку наклонет, па во овој момент Михаил се здружил со Петар III од Арагон, кој се согласил да ја нападне Сицилија. За да го помогне овој напад, Михаил испратил пари

на островот за да поттикне бунт против Карло. Во 1282 година, на звукот на камбаните кои ги повикувале луѓето на Вечерна, Сицилија се кренала во бунт против нејзините француски владетели, а војската која била подготвена да отплови за Константинопол морала да се сврти и да го брани кралството на Карло. На крајот Карло Анжујски ја загубил Сицилија од Арагон и целата негова Медитеранска Империја се распаднала.

Михаил VIII Палеолог умрел во селото Пахомиос, Тракија на 11 декември 1282 година. Не бил погребан во Константинопол поради неговото прогонство од Црквата за поддршка на соединувањето со Рим, па наместо тоа, погребан е во манастирот Неа Моне, Раидестос (денешен Текирда, Турција). Три години подоцна, во 1285 година, неговите посмртни останки биле пренесени во Христовиот манастир во Селимбрија, да почива засекогаш на местото каде што претходно во 1260 година тој повторно го погребал телото на Василиј II (Melvani, 2018, 237-260).

## Заклучни размислувања

Оловниот печат на Михаил VIII Палеолог пронајден на Горно Градиште, Кочани е само еден од неколкуте средновековни артефакти што локалитетот ги открил за малкуте истражувачи на овој регион – посветените археолози кои независно од условите, непристапноста, финансиите и сите тековни тешкотии што можат да се појават при организирање археолошки експедиции макар и од најмал размер (а се појавуваат секогаш, во број и обем што без исклучок излегува од рамките на планираното), неуморно трагаат по одговори.

Во некое совршено сценарио, овој печат би бил пронајден при поголеми, систематски истражувања, во археолошки контекст и појасна теренска состојба, по можност на подот од некоја точно дефинирана просторија. Тоа, секако не е случајот овде.

Сепак, наодот и вака доволно гласно зборува за присуството и интересот на Михаил VIII Палеолог, меѓу другото и за оваа територија. Како што погоре беше споменато, интересот на императорот за Балканот во обид за формирање сојуз против Западот, не вродил со плод. Михаил VIII се обидел да го ослаби притисокот на Карло Анжујски на Балканот со создавање династички врски, што сепак се покажале недоволни за зацврстување на неговите позиции. Спогодба меѓу Византија и сепаратистичките држави тешко можела да се постигне бидејќи првенствена цел на византискиот цар му била нивното ликвидирање. Тогаш, што барал во Кочанско?

Локалитетот Горно Градиште е дел од сливот на Брегалница и е во непосредна близина на богатите рудни наоѓалишта, користени од антиката до денес: депозитите на олово-цинкова руда претставуваат едни од најголемите и економски најважни депозити на минерали во сливот кои се

експлоатираат во рудниците во Злетово, Добрево и Македонска Каменица; бакарот и железо-титаниум се најдени на Осоговските Планини.

Земајќи ја предвид зголемената потреба токму на овие ресурси во тукуштo обновената Византија, зголемената потрошувачка и вложување во обновата на Константинопол, потребата редовно да се исплаќа и војската во проширен состав; се чини дека коресподенцијата на Михаил VIII Палеолог со овие простори во прв ред се однесувала на барање токму за испорака на метали во главниот град на Империјата.

**Библиографија:**


Атанасова, И. (2005). Долно Градиште Кочани. Каталог. Кочани

Атанасова, И. (2007). „Долно Градиште – Долно Гратче". *Macedonian Heritage No. 30*. Македонска Цивилизација: Скопје

Атанасова, И. (2008). „Неколку утврдени населби во Кочанско", *Maced. Acta Archaeol. No. 18.* Скопје

Микулчиќ, И. (1996). *Средновековни градови и тврдини во Македонија*. МАНУ. Скопје

Острогорски, Г. (1992). *Историја на Византија*. Скопје

Трајковски, К. (1983). „Истражувања во Мородвиз". *ЗАМ X-XI*. Скопје

Трајковски, К. (1985). „Средновековна археологија на Брегалница". *Дело 5*. Штип

Трајковски, К. (1986). Моробиздон. *АП*

Bartusis, M. C. (1997). *The Late Byzantine Army*. University of Pennsylvania Press.

Finlay, G. (2015). *History of the Byzantine and Greek Empires*, Vol. 2. Andesit Press

Geanakoplos, D. J. (1959). *Emperor Michael Palaeologus and the West* . Harvard University Press.

Harris, J, (2014). *Byzantium and the Crusades.* Bloomsbury, 2nd ed.

Heath, I. (1995) *Byzantine Armies, AD 1118–1461*. Osprey Publishing.

Melvani, N. (2018). „The tombs of the Palaiologan emperors" *Byzantine and Modern Greek Studies*, 42 (2). Cambridge University Press

Nesbitt, J.W. Morrisson C. (2009). Catalogue of Byzantine Seals at Dumbarton Oaks and in the Fogg Museum of Art. Vol. 6. *Emperors, Patriarchs of Constantinople. Addenda.* Dumbarton Oaks Washington D.C

*Oxford Dictionary of Byzantium* (1991). Oxford University Press.

Vannier, J-F (1989). *Les premiers Paléologues (Etudes prosopographiques)*. Éditions de la Sorbonne: Paris

Zacos, G. Veglery A. (1972). *Byzantine Lead Seals. Vol. 1*. Basel